**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Седмото продолжение на Сто и деветтата седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 4 јули 2002 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г. Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, повикајте ги пратениците да влезат во салата да почнеме со работа.

Продолжуваме со работа по Сто и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Благој Ханџиски и Слободан Даневски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата на Собранието.

Точка 8 - Предлог на закон за изменување и дополнување на царинскиот закон.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Претресот по амандманот за менување на член 6, поднесен од пратеникот Никола Поповски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 74 пратеници од кои 19 гласале за, воздржано гласале 10 пратеници, против гласале 45 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Претресот по амандманот за бришење на член 30 поднесен од пратеникот Никола Поповски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 69 пратеници од кои 19 гласале за, воздржано гласале 8 пратеници, против гласале 42 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Прекинете со гласањето, г. Бузлевски сака да каже како ќе гласа по законот.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, претставници на Владата,

Ние се обидовме да дадеме свој придонес во постапката за носење на законот за изменување и дополнување на Царинскиот закон. Со самиот факт што се вклучивме во расправата, а и после тоа конкретно поднесовме амандман со кој предлагаме членот 24-а да се брише и сето тоа во духот на извештајот на Светската трговска организација во фазата на усогласување на барањата кои на мултилатералната средба беа презентирани од страна на претставниците СТО, а спрема претставниците на Република Македонија кои како преговарачки тим беа таму.

Со оглед на тоа што јас го презентирав автентичниот текст на делот што се однесува на преуредување на царинското законодавство и дотолку повеќе што во тој дел се препорачува укинување на членот 24-а како обврска на Република Македонија токму со таква содржина поднесовме амандман, кој за жал, не беше прифатен од Парламентот, па заради тоа, а со оглед на продолжување на праксата низ закон повторно да се задржуваат елементи кои се во спротивност со европското законодавство, а оттаму и спорни пред СТО, јас за овој закон ќе гласам против.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Господине претседателе, сакам и јас да се изјаснам како ќе гласам по овој закон.

Не би сакал многу да должам во општиот претрес по законот кажавме дека токму воведувањето или видоизменувањето на постоечкиот член 24-а прави голема дисторзија во Буџетот на Република Македонија, дава огромни дискрециони права на одредени министерства за слоупотреба на своите функции и со тоа е дефинитивно спротивен и на препораките на СТО, а

спротивен е на европското законодавство што ја регулира царинската материја.

Од тие причини, а имајќи ги предвид препораките на СТО, за која се стремиме да станеме полноправна членка да се укине постоечкиот член 24-а каде што немилосрдно последниве 3-4 години се делат контингенти истресени од рака од страна на одредени министри без разлика за кое министерство се работи, ние не се согласуваме со вака видо изменет член наместо тој да се укине само да се прошират ингеренциите наместо досега како што даваше контингенти министерот за стопанство тоа да се контролира и од министерот за финансии и од министерот за земјоделие.

Длабоко сме убедени дека со овој член вака како што е срочен ќе направи огромни дисторзии и во Буџетот на Република Македонија, а и натаму ќе продолжи трендот на злоупотреба од страна на одредени ресорни министерства, што одредени стопански субјекти ќе ги стави во подредена положба на пазарот во Република Македонија, а одредени стопански субјекти како и досега ќе бидат префрлени по строго партиска линија.

Затоа, бидејќи е спротивен членот на голем дел од одредбите на антикорупциското законодавство, впрочем е спротивен и на препораките на Светската царинска организација и на СТО, па Парламентарната група на СДСМ и јас лично ќе се изјаснам против донесувањето на овие измени во Законот за царини.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да гласаме по законот за изменување и дополнување на царинскиот закон.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 68 пратеници од кои 45 гласале за, воздржано гласале 6 пратеници, против гласале 17 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Царинскиот закон.

Точка 10 - Предлог на закон за стопански комори.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Претресот по амандманот на член 9 став 1, поднесен од пратеникот Горанчо Трајков е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 73 пратеници од кои 22 гласале за, воздржано гласале 23 пратеници, против гласале 28 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Претресот по амандманот на член 34 став 5, поднесен од пратеникот Горанчо Трајков е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 69 пратеници од кои 22 гласале за, воздржано гласале 23 пратеници, против гласале 24 пратеници. Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Претресот по амандманот на насловот на Предлогот на законот, поднесен од пратениците Димитар Бузлевски, Ристо Тодоров и Благој Стојковски, е заклучдн.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 69 пратеници од кои 12 гласале за, воздржано гласале 13 пратеници, против гласале 44 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Претресот по амандманот за менување на член 2 поднесен од пратениците Димитар Бузлевски, Ристо Тодоров и Благој Стојковски, е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 73 пратеници од кои 17 гласале за, воздржано гласале 14 пратеници, против гласале 42 пратеници. Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Претресот по амандманот на член 4 став 1 и 2 и за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Димитар Бузлевски, Ристо Тодоров и Благој Стојковски, е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 74 пратеници од кои 15 гласале за, воздржано гласале 14 пратеници, против гласале 45 пратеници. Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Претресот по амандманот за менување на насловот на Главата II, поднесен од пратениците

Димитар Бузлевски, Ристо Тодоров и Благој Стојковски, е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 72 пратеници од кои 17 гласале за, воздржано гласале 11 пратеници, против гласал8 44 пратеници. Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Претресот по амандманот на член 13 став 1 за бришење на ставот 2 и на ставот 3, поднесен од пратениците Димитар Бузлевски, Ристо Тодоров и Благој Стојковски, 8 заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 71 пратеници од кои 16 гласале за, воздржано гласале 12 пратеници, против гласале 43 пратеници. Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Претресот по амандманот за додавање нов член 28-а по членот 28, поднесен од пратениците Димитар Бузлевски, Ристо Тодоров и Благој Стојковски, е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 71 пратеници од кои 15 гласале за, воздржано гласале 11 пратеници, против гласале 45 пратеници. Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Претресот по амандманот за додавање нова Глава V-а, и два нови члена 31-а и 31-б по членот 31, поднесен од пратениците Димитар Бузлевски, Ристо Тодоров и Благој Стојковски, е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 73 пратеници од кои 17 гласале за, воздржано гласале 10 пратеници, против гласале 46 пратеници. Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Претресот по амандманот за бришење на Глава VII, поднесен од пратениците Димитар Бузлевски, Ристо Тодоров и Благој Стојковски, е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 73 пратеници од кои 16 гласале за, воздржано гласале 12 пратеници, против гласале 45 пратеници. Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Претресот по амандманот за менување на членот 34, поднесен од пратениците Димитар Бузлевски, Ристо Тодоров и Благој Стојковски, е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 74 пратеници од кои 17 гласале за, воздржано гласале 12 пратеници, против гласале 45 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Претресот по амандманот за додавање нов член 34-а по членот 34, поднесен од пратениците Димитар Бузлевски, Ристо Тодоров и Благој Стојковски, е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 74 пратеници од кои 17 гласале за, воздржано гласале 12 пратеници, против гласале 45 пратеници. Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Претресот по амандманот на член 35 став 1 и за додавање три нови става по ставот 1 за менување на членот 2 поднесен од пратениците Димитар Бузлевски, Ристо Тодоров и Благоја Стојковски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 71 пратеник, за гласале 16 пратеници, воздржано гласале 12 пратеници а против гласала 43 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Претресот по амандманот за менување на член 36 поднесен од пратениците Димитар Бузлевски, Ристо Тодоров и Благоја Стојковски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 73, за гласале 15 пратеници, воздржано гласале 13 пратеници, против гласале 45 пратеници. Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Имаме мислам уште 14 амандмани од г-динот Ванчо Чифлиганец и г-динот Вангел Симев, а исто така некои се повлечени, а има и некои други.

Претресот по овие амандмани ќе го продолжиме, кога ќе се навратиме на претрес.

Сега одиме на гласање.

Минуваме на точката 11- Предлог на закон за задруги.

Претресот по текстот и Предлогот на законот е заклучен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Вкупно гласале 74 пратеници, за гласале 60 пратеници, воздржано 13 пратеници, против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задруги.

Минуваме на точката 12 - Предлог за донесување на закон за вршење на занаетчиска дејност со Предлог на закон.

Претресот по текстот за донесување на з акон е заклучен.

Предлагам Собранието да го донесе следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за вршење на занаетчиска дејност.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 74 пратеници, за гласале 53 пратеника, воздржано гласале 11 пратеника а против не гласал никој.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да претресе и предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 75 пратеници, за гласале 62 пратеници, воздржано гласале 13 пратеника, а против не гласал никој.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Сега ќе одиме понатаму.

Минуваме на точката 13 - Предлог за донесување на закон за производство и промет на вооружување и воена опрема со Предлог закон.

Претресот по Предлогот за донесување на закон е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлог за донесување на закон за производство и промет на воружување и воена опрема со Предлог закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 74 пратеници, за гласале 65 пратеника, воздржано гласале 8 пратеника , а против не гласал никој.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 74 пратеници, за гласале 65 пратеника, воздржано гласале 9 пратеника, а против не гласал никој.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Одиме понатаму.

Минуваме на точката 14 - Предлог на закон за безбедност на храната и предметите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната.

Претресот по текстот е заклучен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 74 пратеници, за гласале 65 пратеници, воздржано гласале 7 пратеници, а против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за безбедност на храната и предметите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната.

Минуваме на точката 15 - Предлог на закон за стандардизација.

Претресот по текстот на Предлогот на законот е заклучен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеници, за гласале 66 пратеници, воздржано гласале 7 пратеници, а против не гласал никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за стандардизација.

Минуваме на точката 16 - Предлог на закон за акредитација.

Претресот по амандманот на член 14, за додавање нова точка 4-а, по точката 4, поднесен од пратеникот Благоја Ханџиски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 74, за гласале 18 пратеници, воздржано гласале 20 пратеници, против гласале 36 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлог законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 74 пратеници, за гласале 63 пратеници, воздржано гласале 9 пратеници, против гласал 1 пратеник.

Констатирма дека Собранието го донесе Законот за акредитација.

Минуваме на точката 17 - Предлог на закон за меторологија.

Претресот по текстот на Предлогот на законот е заклучен .

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, за гласале 56 пратеници, воздржано гласале 9 пратеника, против не гласал никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за меторологија.

Минуваме на точката 19- Предлог на закон за пропишување на технички барања за производите и оцена на сообразноста.

Претресот по текстот на Предлог законот е заклучен. Предлогот на законот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, за гласале 53 пратеници, воздржано гласале 12 пратеници, против не гласал никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за пропишување на техничките барања за производите и оцена на сообразноста.

Минуваме на точката 24 - Предлог за донесување на закон за финансиска полиција, со Предлог на закон.

Претресот по Предлогот за донесување на закон е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за финансиска полиција.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, за гласале 47 пратеници, воздржано гласале 16 пратеници, против гласале 4 пратеници. Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 75 пратеници, за гласале 56 пратеници, воздржано гласале 16 пратеници, против гласале 3 пратеника.

Кон статирам дека е усвен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

(седницата прекина со работа во 14,5 часот.)

По прекинот, седница почна да работи во 14,10 часот. Сега со седницата ќе продолжи да претседава г-динот Оломан Сулејмани, бидејќи јас морам да бидам денеска отсустен, затоа што решението го потпишав за нови избори на 15 септември, нека ни е со среќа (аплауз). Имам обврски кои произлегуваат од дејството на тоа решение и морам да седам во канцеларија.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Продолжуваме со работа.

Во меѓувреме пратеникот Ванчо Чифлиганец поднесе амандмани за менување на член 1, на член 3 за менување на насловот на став 1 и 4 за бришење на член 5, за менување на член 6 за менување на член 7 на член 11 став 1 да се припои на став 3 на член 14 став 1, алинеја 1 и за менување на алинеја 4 на член 15 за бришење на став 2 на член 16 за бришење на став 1 на член 19 став 2 на член 27 став 1 алинеја 3 и за бришење на алинеите 7 и 11, член 28 став 1, член 29, алинеја 1 2 и 3 и на став 3 и на член 35 став 1, по кои Владата не се поизнела.

Пратеникот Вангел Симев поднесе амандман на член 2 за додавање два нови става 2 и 3 и ставот 1 по кои Владата не се проізнела.

Пратеницот Ванчо Чифлиганец поднесе амандмани за менување на член 2, за менување на члне 7 и за бришење на член 9, за додаваше нови става 5-а и два нови члена 31-а и 31-б по членот 31. За менување на член 34 за додавање нов член 34-а по членот 34. Член 35 став 1 за додавање три нови става по ставот 1 и за менување на ставот 2 за менување на член 36, и 35 по кои Владата не се произнела.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Го молам претставникот на Владата, заменикот министер за економија, дали знае за каков амандман и што се

менува. Тоа е толку формално. Се работи за променаод техничка природа. Воопшто не е суштинска промена. Ќе ни се смее светот.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници од кои 20 за, 15 воздржани, 33 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за мену-

вање на член 1, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на насловот и на став 1 и 4, поднесен од пратеникот Ванче Чифлиганец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Јас сакам на колегите пратеници да апелирам бидејќи очигледно амандманите од опозицијата не се прифатливи, а бидејќи цело време ми-нистерот Фетаи и неговиот заменик министер ни зборуваат дека не е тоа договорна економија, не е тоа социјализам, а вие господо сеуште користите термини од 1948 година. Господиен заменик, вие пишувате добивка, а јас во амандманот пишувам наместо "добивка", "профит". Тоа не е исто во пазарната економија. И ако вие тоа не го прифатите, незнам што може да прифатите, или пак да ги повлечам останатите амандмани. Ве молам, прочитајте ги амандманите. Се работи за она што сите ние го бараме. Ако не сте ги прочитале, побарајте пауза од половина час, ќе ви укажам, ќе ве посоветувам, па нешто и вие од мене како пратеник да научите. Наместо "добивка", бараме да пишува "профит".

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За збор се јави господинот Мухамед Таири.

**МУХАМЕД ТАИРИ**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, што се однесува до дискусијата на колегата Чифлиганец, јас не се согласувам дека ниеден амандман од опозицијата не се прифаќа. Нека провери господинот Чифлиганец колку амандмани од опозицијата се прифатени во овој мандат на оваа коалиција. А што се однесува за неприфаќање на амандмани, јас ќе му дадам еден податок дека кога беа тие на власт еден амандман од Газменд Ајдарага беше даден како позиција и тој беше против земјоделците и само тој амандман беше прифатен за нивното осумгодишно владеење.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници, од кои 21 за, 15 воздржано и 32 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 за менување на насловот и на став 1 и 4, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 5, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амадманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласа 68 пратеници, 19 за, 12 воздржани и 37 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 5, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 6, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 71 пратеник, од кои 21 за, 13 воздржани и 37 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 6, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 7, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, од кои 22 за, 10 воздржани и 34 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 7, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Отворам претрес по амандманот на член 11, став 1 и за бришење на став 3, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, од кои 21 за, 6 воздржани и 36

против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 11,

став 1 и за бришење на став 3, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Отворам претрес по амандманот на член 14, став 1, алинеја 1 и за менување на алинеја 4, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласње.

Ве молам да гласаме.

Вкуно гласаа 64 пратеници, од кои 23 за, 5 воздржани и 36 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 14, став 1, алинеја 1 и за менување на налинеја 4, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Отворам претрес по амандманот на член 15 за бришење на став 2, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Амандманот е составен дел на текстот на законот. Отворам претрес по амандманот на член 16 за бришење на став 1, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Амандманот е составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 19, став 2, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници.

Ќе мораме да го повториме гласањето.

Колеги пратеници мислам дека имаме доволен кворум.

Го повторувам гласањето.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници.

Ги молам службите да ги пребројат пратениците.

Во салата се присутни 7 0 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот по член 19 став 2, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Отворам претрес по амандманот на член 27, став 1, алинеја 3 и за бришење на алинеите 7 и 11, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, од кои 21 за, 6 воздржани и 3 6

против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 27

став 1, алинеја 3 и за бришење на алинеите 7 и 11, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Отворам прертрес по амандманот на член 28, став 1, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, од кои 21 за, 9 воздржани и 34 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 28,

став 1, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Отворам претрес по амандманот на член 29, став 1, алинеја 1, 2, 3 и на став 3, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по аманд-манот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, од кои 18 за, 8 воздржани и 40 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 29, став 1, алинеја 1, 2,3 и на став 3, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Отворам претрес по амандманот на член 35, став 1, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по аманд-манот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, од кои 19 за, 7 воздржани и 35 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 35, став 1, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Отворам претрес по амандманот на член 2 и за додавање два нови става 2 и 3 по ставот 1, поднесен од пратеникот Вангел Симев. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉ0ША БЕГОВСКИ :**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господо пратеници, некој очигледно дека сака да го запре крвотокот на македонското стопанство. И од тие причини сака оваа комора да ја разнебити. Заради тоа бев принуден да дадам еден амандман кој верувам дека сите кои свесно и добронамерно размислуваат дека ќе го поддржат. Врз основа на член 32 и 329 од Деловникот на Собранието на Република Македонија на Предлог на законот за стопански комори, го поднесувам следниов амандман.

Во член 2 зборот "вршат", точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: "согласно националната класификација на дејностите

освен за нестопанските дејности". По став 1 се додаваат два нови става 2 и 3 кои гласат: "Сојузите меѓу коморите можат да се основаат во рамките на трите сектори на дејности според националната класификација на дејностите и тоа земјоделие, индустрија и услуги. Сојузите на коморите можат да се здружат во една единствена унија на коморите и тоа на Република Македонија. Во унијата можат да се здружат и комори кои не се членки на сојузите", од став 2 на овој член.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**(Продолжение)

Образложение. Амандманот е во функција на прецизирање и разграничување на стопанските од нестопанските дејности во рамките на кои може да се основаат комори по основ на дејност. Имено, со него се расчистува дилемата од досегашната расправа токму ние пратениците што ја водевме во ова Собрание. Дали може или не да се формираат повеќе комори. Точно овде беше најголемата дилема и најмногу копја беа вкрстени околу оваа проблематика.

Во рамките на оваа дејност, како и дилемата која дејност од субјектите ќе се смета за соодветна за да се групираат по дејности и основаат соодветна комора согласно член 4 од овој закон. Токму со овој амандман се вградува уште еден законски лимит, а тоа е дека вкупниот број на коморите не може да бидат поголем од бројот на класифицираните стопански дејности во хармонизираната национална класификација на дејностите на РМ.

Со амандманот би се спречило различното толкување на поимот дејности од страна на судовите при регистрацијата на новите комори, како и спречување на власта, сегашната и идната, со упатства, мислења и толкувања да ври најразлични опструкции на примената на законот. Ваквите лимити не преставуваат ограничување на слободното пазарно коморско здружување, туку напротив еден поттик ако се има во предвид дека во генезата на коморското здружување е обединување на поединечните интереси на субјектите во заеднички , заедничките во општински интереси. Токму тоа е целта на оваа комора.

Со овој амандман се елиминира било каков ризик од идно создавање на сојузи, унии на комори по етничка или територијална основа. И таа дилема е разрешена. Значи, со овој амандман ги решаваме сите дилеми кои беа расправани на претходната седница. Односно се елиминира опасноста од создавање на паралелни коморски системи со законски легитимитет во меѓународните активности да градат паралелна институционална мрежа на односи со странски мултелатерални институции, организации конвенции и други меѓународни фактори.

Поради наведеното барам подршка од пратениците кои се добронамерни.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам на г-динот Вангел Симев.

За збор се пријави г-динот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ.**

Почитуван потпретседател, почитувнаи колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Јас би сакал да се обратам посебно до претставниците на Владата уште една да го разгледаат овој амандман бидјеки сметам дека е стручно добро направен и е во консултација со компетентни стручни лица од државата кои не упатија на некои сугестии и размислувања произлезени од јавната дискусија.

Јас би сакал претставникот на Владата да го потсетам дека во одбраната на тезите кои ги бранеше за гласање на овој закон и дека Владата останува зад овој проект искажаа мнение дека на 16.О5.2002 година пред јавна расправа со коморите и другите здруженија, како и на седница на Комисијата за економска политика и со претставниците на Комората имало плодна расправа, како што ја оквалификува претставникот на Владата и на задоволително ниво. Значи, имало некое разбирање меѓу нив. Меѓутоа, очигледно дописот што го имаме до претседателот на Собранието Стојан Андов и до сите нас пратеници стипулирано од Комората зборува нешто сосема друго.

Имено и на крајот од своето излагање претставникот на Владата се повика на амандманите на Комората. Јас морам да кажам дека Комората во своето мислење тврди дека, се обраќа до пратениците и вели стопанствениците, членовите на Комората, претседателите и здруженијата реагираат на јавната расправа, ќе цитирам точно како е напишано "е вршена крајно нетранспарентно од членовите на Комората". Без транспарентност е подготвен овој закон во сите верзии. Наместо јавна расправа, ова се делови од она што го размислува Комората, направена е фиктивна расправа со

вклучување нанеколку лица без добиени материјали. Значи, според нивни заклучок, се работи за еден конфузен концепт, апсурдно решение и слични квалифиакции и размислувања, кои ги имаат сите пратеници и јас не сакам да ги замарам. Важно е за нас пратениците сепак да изгласаме еден закон кој биб ил во едни по релаксирани односи помеѓу различните заентересирани страни околу решавањето на статусот на Комората. Комората вели: "од друга страна текстот на Предлогот на законот што е доставен до Собранието на РМ е изготвен во сосема подруг текст од оној што како Предлог за донесување на законот беше усвоен на Собранието на Република Макеоднија односно како Предлог на закон кој е разгледан на Комисијата на Владата за економски систем и тековна економска политика". Тука се гледа една тотала дискрапанца помеѓу она што беше искажано овде ако мислење на Владата дека имало задоволително ниво а расправа и разбирање и она што се случува денес.

Сметам дека едно вакво важно законско решение кое тангира многу важни сфери во живеењето посебно на стопанствениците и на економијата во РМ треба да се гледа, посебно од претставниците на Владата, со посебно внимание кон мислењето на стопанствениците и преку таквиот начин на соработка да се вметнат вистинските решенија со кои сака да направи реформи Владата.

Јас очекувам Владата да биде на едно вакво ниво и да прифати некои делови и амандмани кои ќе одат во тој правец. Зошто го зборувам ова?

Претставникот на Владата рече дека амандманите кои се дадени, дел од нив ќе бидат прифатени, разгледани и размислено за нив, јас го повикувам претставникот на Владата на амандманот 2, бидејки во додадет текст на обраќањето на Комората, има и амандмани од Комората, амандманот 2 сметам дека коренсподира во потполност многу со амандманот поднесен од г-динот Вангел Симев. Дури сметам дека во амандманот што го поднесува г-динот Вангел Симев се вметнати нешкои нови моменти кои произлегоа од страната во Парламентот на РМ, па и јавната расправа коај се случуваше во РМ во текот на разгледувањето на овој закон. Затоа јас ќе го повикам претставникот на Владата уште еднаш да размисли за вака преложеното решение кое само ја подобрува класификацијата на дејностите во Комората, прецизира одредени моменти во текстот на законот и конечно не ја намалува, како што кажа во образложениеето г-динот Вангел Симев, конкурентноста што се јавува, која сакаме да ја постигнеме со поставување на повеќе комори со закон. Напротив доведува до прецизирање на таа соработа од аспект на нејзина стручност и стручна соработка на коморите и ја преферира таквата соработка. Затоа јас би сакал да го чујам и мислењето, ако е можно на претставниците на Владата за овој проект.

Сметам дека еден ваков амандман кој само прецизира не го дезавуира текстот на законот за комората, може да биде во корист посебно то не претставува ограничување на слободното пазарно коморско здружување на стопанството, туку напротив претставува поттик преку прецизни дефинирања на оваа дејност. Затоа мислам дека ваквито закон евентуално треба да биде прифатен од самата Влада, а ако не апелирам до пратениците да имаат сенс за овој начин на размислување.

Последен момент за кој треба да размислуваме е тоа што вака оставајки простор во текстот на законот, недефинирајки вака како што е дадено во амандманот оставаме можности и за друг начин на соработка од стручниот, компетентниот дејност и друг начин на соработка помеѓу поедините комори кои можат сега да се формираат со овој закон. Овој начин, ова дефинирање како што е во амандманот поднесен од г-динот Симев ги прецизира дејностите и начинот на соработка на коморите токму на единствена основа, стручно, стопанска и коморска соработка и никаква друга. Не територијална, не национална. Тоа е предност во ова решение и очекувам од Владата, или пак од пратениците да биде подржано.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарма на г-динот Златко Стојменов.

За збор се јави г-динот Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван потпретседател, почитугвани дами и колеги пратеници,

Добра страна на овој амандман е тоа што дава можност за формирање на комори по дејности во сферата на стопанството, а не по етнички принципи или територијални принципи и е во тренд за интегрирање на македонското

стопанство така да на ниво на РМ како унитарна држава треба да биде претставувана и да има една комор ана ниво на држава и нација , а тоа е Унијата на стопански комори по дејности, а не по територијални принципи и по етнички принципи.

Од тој аспект сметам дека предложениот амандман од страна на колегата Вангел Симев е стручно опсервиран, научно издржан и од тој аспект апелирам до колегите пратеници да гласаат за овој амандман доколку сакамв во стопанството да имаме единство, а тоа в преку единствввната Унија на комори на Република Маквдонија.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам на г-динот Ѓорѓи Тодоров.

За збор се пријави г-динот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседатвле, почитувани колеги пратеници, претставници на Влада,

Јас кога веќе немам простор да дискутирам повеќе по амандманите што бва поднесени од мене и од колегата Ристо Тодоров еве се јавувам за збор да кажам дека ќе го подржам амандманот на предалгачот Вангел Симев од ВМРО, со оглед на тоа што на некој начин се доближува до концептот за кој што ние неколку дена овде се залагавме. Тој концепт во основа го содржеше принципот на коморското здружување во Република Македонија да биде врз основа на дејност и дека само на такво начин субјектите кои што би се здружиле во таквите комори би придонеле за подобрување на амбиентот за стопанисување во рамките на дејноста, а преку тоа и на ниво на национална економија. Бидејќи она што го предлага Владата е невидено како пример во Светот, тој можеби ќе биде добар за понатаму, да се разработува во нвкои од учебниците кои што ја третираат проблематиката на коморско здружување, а во рамките на трговското право во РМ, во неможност да го реализирам она што сакав да го реализирам преку мојот амандман, јас амандманот на г-динот Вангел Симев од ВМРО ќе го подржам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам на г-динот Димитар Бузлевски.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, од кои за гласале 20, воздржано гласале 12 пратеници и против гласале 32 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 и за додавање два нови ставови 2 и 3 по ставот 1 поднесен од пратеникот Вангел Симев.

Отворам претрес по амандманот за менвување на член 2 поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Молам, дали некој друг бара збор.

Има збор, г-динот Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитувани колеги пратеници, иако немав намера да се јавам јас во општиот претрес по овој Предлог закон доста дискутирав и сакав конкретно да се произнесам преку амандманската расправа. Нажалост, дали се работи за луѓето кои треба да ги прифатат овие амандмани со ограничен капацитет, или се работи за некој инает, се што е од опозицијата, се што е од СДСМ не се прифаќа. Сакам пред вас колеги пратеници, сепак ние одговараме пред нашиот електрорат, а ние нив ги гласаме да кажам дека овој амандман на член 2 го има предложено Министерството за економија на седница на Владата на РМ од мај 2002 година. Неговата содржина е скоро иста како што јас го предлагам амандманот. Ако не е точно, сакам да ме демантирате г-дине замениче министре.

Во член 2 " основање и цели" Владата на РМ предлага четири комори - трговско-индустриска; земјоделско-шумарска; туристичко-угостителска и занаетчиска. Тоа е документ од Владата на РМ.

Ве молам, г-динот министер за економија Бесник Фетаи и неговиот послушник сега, г-динот Беговски, заменик министер на своја глава лично, сега не сакам партиите да ги двојам, на своја глава мимо министертот за финансии одат на друга варијанта. Ве молам, кој ни дава за право, документот е овде, кој ви дава за право да зборуват дека ние го примрнуваме англискиот модел. Господо Англија нема закон за коморско организирање. На друг анчин тоа е регулирано. Ве молам немојте сепак

нешто од оваа сфера и од оваа проблематика овие пратеници кои седат во сите три реда знаат, така да немојте така да настапувате. И ве молам, што е најбитно, ако ние егзистираме онака како што сме во овој момент на Европскито Континент барем треба да учиме она што е развидна Европа. Тоа е Австрија, Германија, Франција, Холандија, Италија, Словенија, Хрватска, Црна Гора, Србија, кои по овој модел функционираат. Сега ние одеднаш продлагаме, вистината не ја зборуваме, да не речам лажат Министерството за економија некој си англиски модел. Тоа Нема врска со англиски модел.

0вие два дена го имам преведено Статутот на Европската трговски и индустриски комори. Погледајте да видите што се целите на коморското организирање во секоја развиена Европска земја. Ако не знаете барем прочитајте, две точки да прифатите доволно е тоа за Република Македонија. Ве молам, не сакам сега да кажувам кои се целите, ние се како да правиме дали намерно или ненамерно, дали со знаење или со незнаење сакаме и она што е добро, позитивно да го рушиме.

Затоа колеги пратеници ќе ви бидам благодарен онолку колку што се овде меѓусебно критикувавме овој член во интерес на макеоднското стопанство да го прифатите не во интерес на пратеник, јас како Ванчо Чифлиганец, како СДСМ, туку во интерес на македонското стопанство. Тоа е ништо повеќе, туку на званична седница на Владата на Република Македонија, јас верувам да знае Љубчо Георгиевски дека Министерството поинаку се однесува ќе интервенира.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Ванчо Чифлиганец.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, од кои 20 за, 12 воздржани, а 35 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на менување на член 2 поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 7 поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници, од кои 19 за, 12 воздржани, а 37 против.

Констатирам дека Собранието не го прифати амандманот за менување на член 7 поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 9 поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 70 пратеници, од кои 20 за, 12 воздржани, а 38 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 9 поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Отворам претрес по амандманот за додавање нова глава 5-а и два нови члена 31-а и 31-6 по член 3, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 70 пратеници, од кои 23 за, 14 воздржани, а 33 против.

Констатирам дека Собранието не го прифати амандманот за додавање нова глава 5-а и два нови члена 31 -а и 31-б по член 31, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 34, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор господинот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеници, од кои 21 за, 16 воздржани, а 34 против.

Констатирам дека Собранието не го прифати амандманот за менување на член 34, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 34-а по членот 34, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 70 пратеници, од кои 19 за, 17 воздржани, а 34 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 34-а по членот 34, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Отворам претрес по амандманот на член 35 став 1 за додавање три нова става по ставот 1 и за менување на став 2, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници, од кои 19 за, 15 воздржани, а 35 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 35 став 1 за додавање три нова става по ставот 1 и за менување на став 2, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 36, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Министерството за економија се покажа во право светло по Предлог законот за комори и не можам да сфатам ниту еден суштински амандман поднесен од нас пратениците да не се прифати.

Ќе кажам зошто нема да го предложам законот кога ќе имам деловничко право, но само едно на крајот сакасм да кажам бидејќи ова е последен амандман. Со ова господо од Министерството за економија, господо од Владата на Република Македонија дадовме уште еден голем удар на македонското стопанство. Нека ви е на совест и да ви кажам дека многу луѓе ќе носите на срцето, на душата и ќе бидете

запишани во црната историја на македонската економија. Кога јас би ставал министри и заменици, не би ве ставил ни записничари да бидете, а камоли да го раскрчмувате македонското стопанство што е градено 50 години.

(Реакција со дофрлување од место, а претседавачот ги опоменува за ред со ѕвончето)

Извинете ве молам, 50 години е градено македонското стопанство и со овој закон давате придонес. Ве молам, барем можевте два суштински амандмани да прифатите.

Благодарам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Колега Чифлиганец, според самата реакција, водете сметка требаше за амандманот, а не да навредувате. Морам да интервенирам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, од кои 21 за, 10 воздржани, а 36 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 36, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

(Бурни реакции во салата)

Со задоцнување се јави господинот Ванчо Чифлиганец, да му дозволиме како ќе гласа, па после ќе го соопштиме резултатот.

(Реакции во салата со дофрлања)

Има и други пријавени.

Ве молам, не треба да создаваме тензии без потреба. Продолжуваме со работа.

Ве молам!

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитувани колеги пратеници,

Пред да се изјасниме по предлогот на законот јас би набројал неколку причини, за што не треба да гласаме и да подржиме таков закон за стопански комори.

Со неговото евентуално донесување, денеска ќе се укинат сите придобивки од 80-годишното коморско организирање и делување како резултат на губење на националниот статус, членување во Меѓународната трговска комора во париз. Тоа е број 1.

Ќе престане и работата на 8 деловни совети во САД, во Руската федерација, во Република Турција, Албанија, Украина, Романија, Канада и Полска. Во Република Македонија за значајни системски прашања за решенија од тековната економска политика и развојот за што е неопходно мислење на вкупното стопанство не ќе постои можност, низ предложеното решение за коморско организирање, да биде можно да се остварува. Различните интереси на трговските друштва, на групациите, гранките, врз основа на тие различни ставови, нема да имаат можност да се усогласуваат преку здрава коморска организација што ќе создава проблеми за надл9жните органи што ќе ги подготвува решенија за странскиот стопански систем, даночната политика, мерките на тековната економска политика и развој, како што е до сега.

Јавните овластувања што се заговараат деке ќе се пренесат дали е можно тоа да се направи при постоењето на можноста голем број комори, кои ќе бидат критериумите за тоа, дали е можно тие да бидат правилно распоредувани, а уште повеќе дали ќе биде можно да се задоволат сите интереси, а при тоа да биде застапен заедничкиот интерес, одговорноста и реализацијата на економската политика во Република Македонија.

Демократските процеси, транспарентноста и пазарниот начин на стопанисување и организирање во досегашната постапка не се почитуваат. Трипартизмот во област санас економско - социјалните прашања преку работењдто на Економско - социјалниот совет, како ќе се реализира при немањето можност да се усогласуваат интересите на вкупното македонско стопанство?

(Реакции од место со дофрлања и сфирежи)

Начинот на коморското организирање во регионот и континенталниот дел рна Европа изразено преку потпишаниот документ за формирање на Европската комора во

која се определува јавно - правниот карактер нањ комората и коморското организирање, а се раализира во држави со кои Република Македонија има над 80% од стоковната размена.

Кој ќе ја преземе документацијата што е присутна во Стопанската комора на РМ што се гради повеќе од 4 децении? Ние денеска, кога расправавме за законот, моравме да водиме сметка, а тоа сакавме преку амандмани, но не успеа и за стручните специјализирани кадри во Стопанската комора на Република Македонија. Денеска за тоа немаме одговор. Новиот концепт на коморско организирање што се предлага за усвојување, отвора врати во коморското оргнаизифрање да се вклучи политиката и политичките партии.

Затоа почитувани колеги пратеници, жалам што денеска овој предлог на закон за стопанско организирање во Република Македонија со полно недостатоци не сум во состојба да го подржам.

Благодарам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам на господинот Ванчо Чифлиганец.

Веројатно како ќе гласа сака да се изјасни господинот Ристо Тодоров.

(Бурни реакции во салата со дофрлање од место дека е веќе гласано)

Колеги пратеници, јас пред малку ве замолив да не создавате

(Бурни реакции и дофрлања од место)

Не скокајте сега, јас ја водам седницата. Постојано тоа го правите, поединци од спротива што ве гледам. Како тоа?!

Има збор господинот Ристо Тодоров, имате пет минути како ќе гласате.

**РИСТО ТОДОРОВ:**

Благодарам.

Само на кратко ќе кажам како ќе гласам за законот за стопански комори.

Ќе гласам против и тоа од следните причини:

Со изгласување на овој закон и тоа нов закон за стопански комори во Република Македонија се напушта континенталниот, односно европскиот начин на коморско организирање на стопанството, односно на стопанските субјекти, на коморско организирање што се применува во најразвиените земји од ЕУ. Со тоа Република Македонија само се одалечува од европското законодавство, наместо да врши усогласување на своето закнодавство со законодавството од ЕУ.

Значи, толку многу европски ориентирана Влада, со таквите законски проекти се повеќе ја одалечува Република Македонија од европското законодавство, а со тао се подалеку од приемот на Република Македонија во Европската унија.

Од тие причини јас ќе гласам против овој закон.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Ристо Тодоров. Има збор господинот Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници,

Прво имам една забелешка господине потпретседателе, ние веќе гласавме, меѓутоа кога еве вака може и после гласањето да се каже кој како ќе гласа, саскасм и јас да кажам како ќе гласам.

(Дофрлања од место)

Всушност како гласав.

Стопанската комора, како работеше, најдобро го чувствува тоа стопанството. Штета и голема грешка на нашата влада е тоа што таа Стопанска комроа не ја преуреди, не ја престрои, не ја уреди со нов закон навреме. Требаше тоа да го направиме уште 1999 година. Голем наш пропуст.

Постоеле 9 деловни совети, по не знам кои сектори во светски земји кои се квази стопанственици таму, Господ знае отидени, со кои цели и какви плати земаат таму, Господ знае. За нив можеш да слушнеш сасмо од некои луѓе блиски до бившата власт, делегирани, поставени од тогаш доживотно. Од моето кажување се насетува како гласав.

Дали е добар овој закон, ќе каже праксата. Ништо не е вечно. Се е менливо. После шест месеци законот може да се дополни, целосно да се измени и тн. Меѓутоа, голема грешка е тоа што тоа не го направивме 1999 година, што господинот Душан Петревски е оставен 30 години да го запустува македонското стопанство и околу него сите тие што се квази стопанственици односно менаџерите.

Според тоа, јас ќе гласам за овој закон, со тоа што после шест месеци ако има некој пропуст во законот ќе се дополни, ќе се измени, ќе се оформи како што треба.

Благодарам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Лазаров.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Збор има г. Наќе Стојановски. Се јавува да каже веројатно како ќе гласа.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас сакам да го кажам само моето скромно мислење во врска со правото како ќе гласам по овој закон.

Досега во парламентарната практика, откако сум јас во ова Собрание, никогаш не сум кажал мислење во процедура, во врска со судбината на живеењето на некој закон, од правен аспект. Сега прв пат и последен пат ќе го кажам тоа затоа што длабоко сум убеден дека оваа работа што деновиве се работење околу овој закон е само јалова работа на овој Парламент. Овој закон нема да заживее во позитивната практика и таа произведува правно двјство затоа што, тврдам, од стручен аспект дека голем дел од неговите суштински одредби се во спротивност со Уставот на РМ, пред се и над се во врска со правото на заштита на сопственоста, правото на здружување и правото на слободата на претприемаштвото, гарантирано во Уставот на РМ. Од тие причини јас нема да поддржам таков закон како што на крај е дефиниран и кој е во процедура за гласање.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г. Наќе Стојановски. Збор има г. Муарем Таири.

**МУАРЕМ ТАИРИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Јас ќе гласам за овој закон, бидејќи на перфиден начин се искористи излегувањето на пратениците вон опозицијата после гласањето околу овој Предлог закон.

Имам и една кратка забелешка до потпретседателот на Собранието кој раководи со седницата. Ако еднаш се гласа законот поминува. Зошто да се отвора пак по втор пат дебата по законот, како ќе гласаме кога ние веќе гласавме и има листинг кој како гласа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г. Таири.

Забелешката не ви е на место. Господинот Чифлиганец бил на време пријавен, меѓутоа со техниката нешто не е во ред, овде на екранот не се виде добро. Затоа не е никаква грешка.

Продолжуваме понатаму.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Повикајте ги пратениците да влезат во салата бидејќи ќе гласаме.

Молам да гласаме.

Процедурално за збор се јавува г. Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги, можност се даде да каже некој како ќе гласа и тоа по гласањето. Колегата направи една, неделовничка грешка, една добра намера, некој кој не сакал да говори, или сакал да говори порано и после гласањето да каже. Незадоволството секогаш е место да се рекламира. Меѓутоа, ние гласавме. Колегата мора да го соопшти тоа гласање и ако има пореметување од него, да гласаме поинаку. Меѓутоа, овие што беа силни, да кажат како ќе гласаат, кажаа и си побегнаа. Не може некој претседавач да го руши гласањето само да би побегнал од гласање. Морате да констатирате што е изгласано, па тогаш ќе расправаме.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Колеги пратеници, јас го почитувам мојот колега Томислав Стојановски и како правник, меѓутоа сепак до мене стои правник кој го знае и Деловникот и процедурата.

Деловничко право на самиот пратеник е да каже како ќе гласа. Така што процедурата е запазена. Меѓутоа, ние што гласавме, имаме забуна и во пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ дека зборуваат и знаат дека не гласале. Фактички гласањето се повторува и да не создаваме тези без потреба.

За збор се јавува Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван потпретседателе,

Зборот почитуван во овој случај не е формален. Јас навистина ве почитуван како потпретседател. Почитта ви ја изрази и другиот потпретседател на Собранието преку својот говор и вака ако настапите. Меѓутоа, основно правило во ова Собрание би било, ако зборува било кој пратеник а да не зборуваме за

потпретседател да му се изрази почит ако не друго, од вработените во службата, ако не од останатите, кои не се почитуваме.

Многу е непријтно за нас пратениците, а верувам и за македонската јавност, кога зборува потпретседател на Собранието, секретарот на ова Собрание кој што е избран со 61 глас да клима непријатно. Непријатно е. Јас не навлегувам во тоа дали некој е во право или не. Меѓутоа самиот израз доволно зборува, особено што вие се повикавте на правото и правната служба која во Собранието е голема, на која што и требаше 1 цел час пауза да најде едно писмо адресирано од премиерот на оваа држава, донесено на 21.5 оваа година, дури и без извинување да каже дека има официјално претставници, а седницата на Собранието да биде прекината цел еден час. Јас зборувам принципиелно. Апсолутно не коректно е за една правна служба која во Собранието прима плата за тоа, да не зборуваме за секретарот и да не зборуваме за влијанието, што сепак се работи за секретар што е избран со гласовите на ова Собрание, а зборуваше потпретседател на Собранието.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Ви благодарам колешке Ѓулистана Марковска со сиот почит кој го имате и како колега и како потпретседател на Собранието. Мислам дека секретарот на Собранието постојано е во улога овде да му помага на претседавачот. Таа токму тоа и го работи. Без тоа, ние се цениме меѓусебе и го ценам г. потпретседател и неговото искуство. Меѓутоа, без разлика, создаваме тензии.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници, од кои 56 за, 5 воздржани и 7 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за стопански комори.

Направивме без потреба паника, за сите нас.

Минуваме на 12-та точка - Предлог за донесување на закон за вршење на занаетчиска дејност, со Предлог на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отварам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Ѓулистана Марковска поднесе амандмани на член 45 став 1 и за бришење на ставовите 2, 3 и 4, за менување на член 46, за бришење на членовите 47 и 48, за менување на член 52, член 53 и на член 54 став 1, алинеја 1 и за бришење на алинеја 4, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Мухамет Таири, поднесе амандман на член 45 за додавање нов став 2, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Звонко Мирчевски и Горѓи Тодоров, подндсоа амандмани на член 33-а, за бришење на ставот 1 и на член 5 алинеја 2, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 45 став 1 и за бришење на ставовите 2, 3 и 4, поднесен од пратеникот Ѓулистана Марковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Амандманот е составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 46, поднесен од пратеникот Ѓулистана Марковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Амандманот е составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на члановите 47 и 48, поднасан од пратеникот Ѓулистана Марковска.

Го молам претставникот на Владата да са произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Амандманот е составен дел на такстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 52, поднесен од пратеникот Ѓулистана Марковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Амандманот е составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 53, поднесен од пратеникот Ѓулистана Марковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Амандманот е составен дал на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 54 став 1 алинеја 1 и за бришење на алинеја 4, поднесен од пратеникот Ѓулистана Марковска. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Амандманот е составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 45 за додавање нов став 2, поднесен од пратеникот Мухамед Таири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор?

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници.

Амандманот во членот 45, по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи; "на подрачјето на една или повеќе единици на локална самоуправа каде дејствуваат регистрирани регионални здруженија на занаетчии и други самостојни стопанственици се организира една регионална занаетчиска комора која ќе се формира со тарнсформација на регионалните занаетчиски здруженија, во регионални занаетчиски комори".

Амандманот се предлага од причина што за подрачјето на Град Скопје е предвидено организирање на една занаетчиска комора, а пропуст е направено за подрачјата на една или повеќе единици на локална самоуправа.

Постојните регионални здруженија на занаетчии и други самостојни стопанственици кои над 30 години дејствуаат во регионите и успешно ги вршат своите овластувања, би требало да се трансформираат во регионални занадтчиски комори. Овие здруженија поседуваат стручни кадри кои се способни без тешкотии, исправно, квалитетно и на време да ги завршат активностите на регионалните занаетчиски комори.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г. Мухамед Таири.

Има збор заменикот на министерот за економија г. Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Овој амандман не го прифативме од причина што оваа содржина веќе е уредена со претходно донесениот закон за коморите.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор.

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Го повлекувам амандманот.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3, за бришење на став 1, поднесен од пратениците Звонко Мирчевски и Ѓорѓи Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој бара збор?

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Во изминативе денови контактиравме со доста граѓани кои се занимаваат со занаетчиска дејност, во моменти кога стопанството слабо ни работи и кога се повеќе граѓани се занимаваат со занаетчиство и од тоа остваруваат приходи од елементарна егзистенција на своите семејства .

Во членот 3 се предвидува занаетчијата да одговара за своите обврски, со целиот свој имот.

Во нашите разговори со претставниците на занаетчиските здруженија имаше мислење дека е неприродно, во една ваква состојба во која се наоѓа државата да се прави дискриминација меѓу некој кој сам инвестирал за да си обезбеди свое работно место, да не биде на товар на држават, да не биде на товар на буџетот на државата, и притоа да си ги исполнува своите обврски спрема државата, како даночен обврзник и од друга страна да се бара да гарантира со целиот свој имот.

Ние предлагаме да се избрише ставот 1 во членот 3 и да се изедначат

граѓаните кои се занимаваат со занаетчиска дејност во однос на граѓаните кои одговараат, по Законот за трговски друштва по основачкиот блок на друштвотс. Така што да им овозможиме на занаетчиите да бидат во рамноправна положба во однос на другите граѓани според овој закон.

Се надевам дака колегите пратеници ќе имаат разбирање за осетливоста на оваа точка и дека ќе го поддржат овој наш амандман.

(со седницата продолжи да раководи Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието)

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван потпратседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Со овој амандман со кој во член 3 став 1 се брише тоа што се предлга изедначување на занаетчиите во РМ, со друштвата со ограничена одговорност при гаранција на ист влог.

Во услови кога се разнебитува и уништува македонското стопанство во услови кога имаме голема безработица во РМ, граѓаните се принудени во такви услови сами да си обезбедуваат егзистенција за себе и своите семејства и да се занимаваат со одредени занаетчиски дејности, во услови кога макотрпно заработената пара се обидуваат преку своите занаети да ја удвостручат, во услови кога луѓето тешко наоѓаат егзистенција, занаетчиите да бидат неизедначени во однос на останатите друштва со ограничена одговорност, каде што со овој амандман се предлага изедначување на статусот на занаетчија со граѓаните од останатите друштва и организации.

Со законот, вака како што е предложен се кочи развојот на занаетчиството, ставајќи ги во нерамноправна положба занаетчиите во однос на останатите друштва со ограничена одговорност. Затоа го предлгаме овој амандман со кој се постигнува изедначување во оснивачкиот блок како на занаетчиите така и во однос на друштвата со ограничена одговорност. Од тој аспект го предлагаме овој амандман и бараме поддршка од колегите пратеници, при негово гласање.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г. Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Јас во прилог на поддршка на амандманот од моите колеги од пратеничката група на ВРМО-Македонска, мислам дека ќе слушнеме образложение од претставникот на Владата во однос на смислата на ова законско решение и она што ние го предлагаме, бидејќи ние семтаме дека со еден ваков амандман покажуваме поголемо чувство и смисла за проблемите на занаетчиството во РМ и за проблемите на занаетчиите кои во овие тешки моменти за РМ се значаен сегмент.

Јас сметам дека и Владата на РМ со рекламните спотови за купвување на македонски производи, преку спотовите, како патуваат и изработуваат предмети занаетчиите, покажа дека Македонија има традиција. Во оваа сфера Македонија има потреба да ја негува таа традиција и на Македонија во овие тешки моменти и е неопходно да создава услови оваа дејност да се развива.

Со едно вакво амандманско решение ќе покажеме само еден добар знак за обврските на занаетчиите кон државата и нивно изедначување со другите групи на граѓани и нема да правиме притисок со потребата од гарантирање со целиот имот врз нив, бидејќи како што кажаа и пратениците пред малку тоа се сепак граѓани кои помагаат на цели семејства во овие тешки економски моменти на Република Ма-кедонија да опстане во оваа ситуација.

Затоа, сметам дека ваквиот амаднман колегите пратнеици треба да го поддржат во прилог на ова законско решение, а би било упатно и добро од претставникот на Владата да слушнеме зошто ова решение е понеприфатливо од претходното решение внесно во Предлогот на законот. Сметам дека и за Владата тука нема никакви проблеми со едно вакво законско решение, бидејќи гаранцијата останува, меѓутоа, и таа самата ќе даде знак дека го цени овој значаен сегмент од економското живеење на Република Македонија. Затоа, јас ќе го поддржам овој амандман и апелирам до пратениците да го поддржат.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Во салата имаме 55 пратеници и ќе гласаме по амаднманот кога ќе се создадат услови за тоа. Сега ќе преминеме на друг амандман, па ќе се вратиме подоцна на истиот амандман.

Значи, бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по

амандманот, а по него ќе гласаме дополнително кога ќе се создадат услови за тоа.

Отворам претрес по амандманот на член 5 алинеја. 2, поднесен од пратениците Звонко Мирчевски и Ѓорги Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Звонко Мирчевски.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

За претходниот амандман од претставникот на Владата баравме објаснување зошто не беше прифатен нашиот амаднман, но не добивме никаков одговор. Ова е уште еден доказ дека сите амаднмани кои се предложени од страна на опозицијата не се земаат сериозно да се разгледаат и без никакво образложение се одбиваат.

Пратеничката група на ВМРО-Македонска во членот 5 алинеја 2 зборот "најмногу" предлага да се замени со зборот "најмалку", односно онаму каде што е кажано "вршење на занаетчиска дејност лично од страна на занаетчија и најмногу десет вработени, вклучувајќи ги и членовите на семејството ако работат". Значи, предлагаме да не биде лимитиран занаетчијата во однос на ангажирањето на бројот на вработените и да се следат современите трендови во западно-европските земји, каде што лимитот на она што претсавува занаетчиско работење да не биде со број на вработени, туку да биде врз основа на остварените и вкупни приходи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван потпреседателе, почитувани дами и колеги пратеници,

Со овој амандман во членот 5 алинеја 2 зборот "најмногу" се заменува со зборот "најмалку". Сакам да кажам дека при вршење на занаетчиска дејност да не се врши ограничување на вработените на еден занаетчија со бројка "најмногу", туку со "најмалку", со тоа што треба да се даде можност за просперитет и економски развој, односно проширување ѕа дејноста на занаетчијата, бидејќи сите сегменти од стопанството многу од порано, пред да се развијат до оној степен и стадиум на стопанство сигурно биле извршувани како гранки на одредени занаетчии. Од тој аспект, ако денес нешто претставува занаетчиство и ако му се даде развој, да се развива во економска смисла, да вработува поголем број на луѓе, да остварува поголем приход и доход, нормално дека таа занаетчиска дејност или гранка утре може да биде една високоравиена стопанска гранка. Од тој аспект сметам дека не треба да, има ограничување односно лимитирање со најголем број на вработени, туку треба да се оди обратно, со најмалку. Од тој аспект го предлагаме овој амаднман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор заменикот министер за економија господинот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Чувствувам потреба да појаснам овде, бидејќи беше кажано дека не прифаќаме амандмани од опозиција. Тука во член 5 станува збор за помал занает, значи тука е нелогично да се замени зборот "најмногу" со "најмалку". Ако кажеме дека 15 би бил најмалиот број, тогаш нема да биде мал занает, тогаш ќе бидат мали, средни претпријатија и тн. Од тие причини, не се прифаќа амандманот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Ѓорги Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван потпретседателе, не треба да има ограничување во развојот на било кој занаетчија и занаетчиска дејност. Токму од тој аспект, денес можно е занаетчиство, но утре треба да биде средно или мало претпријатие. Дајте да дозволиме стопанството да оди напред, а не да го ограничуваме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по овој амаднман.

Ги молам пратениците да се вратат и да влезат во салата за да можеме да гласаме.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да гласаме по Законот за занаетчиска дејност.

Бидејќи нема услови за гласање, за амандманот ќе гласаме кога ќе се создадат услови за тоа.

Да продолжиме сега со работа по точката 25, со општиот претрес

За збор се пријавил пратеникот Сејфедин Харуни.(Грешка е)

За збор се пријавил господинот Абдула Алиу. (Грешка е)

За збор се пријавил господинот Мерсел Биљали, но не е тука.

За збор се пријавил господинот Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Дозволете да кажам неколку зборови во врска со предлогот на законот.

Денес како точка на дневен ред го имаме Предлогот на законот за правата на политички прогонуваните, осудуваните и затвораните лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и на членовите на нивните семејства.

Лично јас Ѓорѓи Тодоров како пратениик на ВМРО-Македонска сум за донесување на еден ваков закон и ќе го поддржам односно ќе гласам за донесување на овој закон, имајќи ја предвид идејата за што биле прогонувани, односно дека биле прогонувани и осудувани за идеите на самобитноста на македонскиот народ, да создаде своја национална и су-верене македонска држава. Познавам многу луѓе кои и денес се живи, кои имаат поминато по седум и повеќе години во затворите ширум Македонија, затворани од македонски изорди, а бидјеќи се за својата македонска држава и за народот кој живее во неа, односно создавање на македонска нација што е природно право и кое произлегувајќи од моќтта на мнозин-скиот македонски народ и тие и нивните семејства беа жигосани заради тоа што биле за идеите на светото ВМРО. Ќе повторам уште еднаш дека познавам многу такви луѓе и имам контактирано и разговарано со многу од нив, а исто така потекнувам од едно такво семејство кое било прогонувано и осудувано за идеите на ВМРО. Тогаш во својата македонска држава, исто како и денес што доживеавме ние пратениците кок ги осознавме намерите на сегашната власт, која не ги научи лекциите од историјата на минатото. Се дрзнавте господа уште еднаш врз самобитноста на македонскиот народ и држава разнебитувајќи ја во сите сфери и пори на севкупниот живот на оваа наша македонска држава. Ги знам нивните голготи, ужаси и измачувања во затворите, а нивните семејстава анатемисани. За мене тие четири букви ВМРО се свети букви во историјата на македонскиот народ и денес тие свети букви од нашата историја ДПМНЕ ги понижи, омаловажи, оскрнави за свои лични интереси.

Првата книга што се појави венаш после осамостојувањето на Македонија беше со наслов "Политичките затвореници на Македонија" од Горѓи Доцев. Кога ја читав таа книга како сведок на историјата, морници ми поминуваа низ телото за сите ужаси што ги поминале низ Идризово и Шутка и на сите тие што биле со него, а такви како него ги имало многу во Македонија кои ја поминувале таа ужасна голгота. Ние знаеме многу од нив, кои сега не би сакал да ги набројувам, за да не испушта; некој од нив и да не ги навредам со тоа. Тие биле малтретирани и тепани повторно од македонски изроди и предавници, кои со туѓа помош се наметнале како властодрршци и угнетувачи на својот македонски народ, денес историјата како да се повторува, така што синдромот на самоу-ништуваше на македонецот претставува дел од историјата на македонскиот народ, само затоа што досега наивно им верувавме на одделни ветувања од страна на квази македонските патриоти.

Македонскиот народ мора бурно да ги следи политичките состојби во Македонија од минатото и денес да ја научи лекцијата дека треба да ги препознава вистинските патриоти, кои и во овој Парламент ги има малкумина. И на наредните избори, на 15 септември да овозможи вистинските патриоти, ако денес се пет, утре да бидат 85. Само ан тој начин може на македонската нација и македонскиот народ да им се врати преродабата и обединувањето на македонските национални идеи, враќање на достинството и угледот, самочуството и гордоста на Македонија како национална држава на македонскиот човек и граѓанин и македонскиот народ каде и да е во државата Македонија и низ светот и заради потчит и респект на сите оние кои биле прогонувани и затворани за идеите на самобитноста и формирањето македонска национална држава, македонскиот народ во периодот на Втората светска војна беше репресиран, дискриминиран и осудуван. Заради тоа, ќе го поддржам овој закон, бидејќи имам морална одговорност пред се и над се како македонец и како човек и пратеник во овој Парламент, бидејќи од секогаш па и сега за мене најсвето нешто е мојата држава Македонија, бидејќи сум тоа што сум и сум дел од тој народ и нација. Би било срамно да сум против донесувањето на еден ваков закон.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:** (продолжение)

Не можам да не потенцирам дека исто така ужасно се чувствувам кога видев од кого е предложен овој закон и не можам, а да не кажам дека е невкусно и нечесно да се прави политички маркетинг предлагачите на овој закон кои врз грбот и голготата на репресираните за идејата на ВМРО и самобитноста на македонската држава. Предлагачите од ВМРО-ДПМНЕ кои не ја научија исотириската лекција свесни за своите зло дела и немири што му ги донесоа на македонскиот народ што си ги наполнија џебовите врз маките и страдањата на истиот. Сега тие сакаат да кажат дека ВМРО-ДПМНЕ се партија за македонскиот народ, а пред два дена нивниот лидер пуштајќи го Нафтоводот во Солун не само што заборави како се вика, но го заборави и името на државата која ја претставуваше доколку ја претставуваше Македонија. Не и го спомна ниту името, чесно беше од негова страна ако беше искрен како граѓанин на Македонија а не како премиер, гордо и со почит и достоинство да и го спомнеше името на Република Македонија при една таква манифестација, такашто денеска пулените на Љубчо што седите во овие парламентарни клупи ќе ви верував во искрената намера дека навистина сакате да ги рехабилитирате сите оние македонски патриоти кои на ваков или таков начин настрадаа во борбата за Македонија. Зарем не го гледавте преносот од отворањето на Нафтоводот Скопје-Солун и не ви беше јасно зад кого овие четири години тврдоглаво стоевте поддржувајќиго во разнебитувањето на Македонија, човекот што ја заборави Македонија отаде Групчин, а со Вашето поддржување станувате дел од него. Сега овде со овој Предлог на закон се обидувате да им ги исперете мозоците на македонските граѓани за своите чесни намери. Но, единствено можете само сопствените умови да си ги исперете и да живеете во една илузија дека сте вие спасителите на овој македонски народ заборавајќи го пустошот што го сторивте за овие четири години.

Но, на 15 септември ќе го почувствувате ударот и гневот од македонскиот народ ставајќи ви крај и точка никогаш во македонската исорија да не се повторите. Колеги пратеници, предлагачи на овој закон, полтрони и лицемери вие не заслужувате да имате ниту една стотинка од првата буква, а камо ли повеќе од светото име ВМРО. Вие сте тие што...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Горѓи зборувајте за законот. Вие ќе зборувате за друга партија, па доста ви е.

**ЃОРГИ ТОДОРОВ:**

Зборувам за законот затоа што овој закон токму се однесува за оние луѓе што биле репресирани во минатото, а исто денеска имаме репресии. Тие репресии треба овде да се обелоденат. Се е во согласност со законот. Вие сте тие што го извалкавте и изобличивте светото ВМРО како дел од историјата на македонскиот народ и не заслужувате да употребувате и да го изговарате тој свет збор. Не заслужувате затоа што во оваа држава со вашето владееше донесовте пекол во државата, донесовте пустош, донесовте насилие, донесовте криминал...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Уште еднаш ако не се придржувате кон темата ќе те отстранам од говорница.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Донесовте фингирана војна, зацрнивте 70 македонски семејства затоа што тие во оваа ваша фингирана војна не загинаа во директна битка, со терористите на терен...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ви го одземам зборот, одете си.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Не можете да ми го одземете зборот. Зборувам за законот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Одете си!

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Како ќе одам?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Одете пешки. Срамота, ајде.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Насилието го продолживте и во Парламентот, срам ве било, само тоа знаете за насилие и за ништо друго, но ќе дојде време кога ќе ви се запомни ова и ќе ви се наплати, бидете сигурни во тоа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ви благодарам. Јас се извинувам и на оние кои се тука во салата и на оние кои ја следат работата на Собранието, меѓутоа, луѓето треба да имаат доблест и достоинство кога зборуваат од говорница.

Дали уште некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок, за кој ќе гласаме

откако за тоа ќе се исполнат условите. Заклучокот гласи:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за правата на прогонуваните, затвораните лица за идеите за самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и на членовите на нивните семејства.

За заклучокот ќе гласаме откако за тоа ќе се создадат услови. Сега давам пауза, продолжуваме во 17,00 часот. (На прашање на пратениците до кога ќе работиме, потпретседателот одговори до 19,00 часот)

(Пауза од 16,00 часот).

(Седницата продолжи со работа во 17,15 часот)

Со седницата продолжи да раководи Оломан Сулејмани, потпретседател на Собранието на РМ.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Продолжуваме со работа

Минуваме на точка 13 - Предлог за донесување закон за производство и промет на вооружување и воена опрема со Предлог на закон

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Жарко Караџоски, Љупче Ристески и Трајко Гешоски, поднесоа амандмани за додавање нов член 4-а по членот 4, за додавање нов член 42-а по членот 42, за менување на член 43 и за додавање нов член 20-а по членот 20, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 4-а, по членот 4, поднесен од пратениците Жарко Караџоски, Љупче Ристески и Трајко Гешоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам.

Амандманот е составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 42-а, по членот 42 поднесен од пратениците Жарко Караџоски, Љупче Ристески и Трајко Гешоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам.

Амандманот е составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 43, подкесен од пратениците Жарко Караџоски, Љупче Ристовски и Трајко Гешоск

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам.

Амандманот е составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 20-а по членот 20, поднесен од пратениците, Жарко Караџоски, Љупче Ристески и Трајко Гешоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам.

Амандманот е составен дел на тектот на законот.

Продолжуваме со претрес по Текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Љупче Ристески.

**ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ:**

Почитуван потпретседателе, колеги пратнеици,

Со тоа што претставникот на Владата ги прифати амандманите што ги предложивме заедно со колегите по однос на овој закон, сметам дека многу е подобрен текстот на законот и дека домашната наменска индустрија по подолг временски период од осамостојувањето. на РМ, ќе биде во можност своите функции да ги обавува според закон кој досега навистина создаваше големи пречки и проблеми околу функционирањето на наменската индустрија.

Република Македонија по осамостојувањето остана како држава со многу малку ресурси од таа област, со многу малку фабрики и производствени капацитети

кои се бават со производство на воено-технички средства за опремување на одбраната на РМ, како на армијата така и на безбедносните сили.

(Господинот потпретседател ги опоменува пратениците и моли за тишина затоа што не може да ги следи говорниците).

Токму од тие причини ги поднесовме овие амандмани и сакам да изразам благодарност кон заменик министерот кој ги прифати амандма-ните и сметам дека овој закон ќе се изгласа едногласно во Собранието на Република Македонија.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на пратеникот Љупче Ристески.

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидјеќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, од кои 50 за, 11 воздржани и ниту еден против. Констатирам дека Собранието го донесе Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема.

Минуваме на точка 18. - Предлог на закон за поштенски услуги.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот

Отворам претрес по амандманот на член 68 став 2 за бришење на алинеја 1, поднесен од пратениците, Александар Гештаковски и Јани Макрадули. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:**

Почитуван потпретседател, претставници на Владата, амандманот имаше за идеја да се направи обид уште еден стопански капацитет во Македонија да не се продаде со директно преговарање, апелирам до сите, ако може да ги почитуваме европските прописи и теркови да се направи еден тендер по сите меѓународни стандарди и по таа процедура да оди продавањето на македонските пошти.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г-динот Јани Макрадули.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидјеќи никој друт не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање. Ве олам да гласаме. Вкупно гласаа 65 пратеници,од кои 17 за, 14 воздржани и 34 против. Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 68 став 1 за бришење на елинеја 1 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Јани Макрадули. Продолжуваме со претрес на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гасање. Ве молам да гласаме. Вкупно гласале 64 пратеници, од кои 46 за, 7 воздржано и 11 против. Констатирам дека Собранието го донесе Законот за поштенски услуги.

По точката 20 немаме претставник од Владата.

Бидегјќи немаме претставник од Министерството за внатрешни работи ќе мора да ги прескокнеме тие точки.

Минуваме на точка 24. - Предлог за донесување на закон за финансиска полиција, со Предлог на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидјеќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Слободан Косев поднесе амандман на член 23 по кој Владата не се произнела. Отворам претрес по амандманот на член 23 поднесен од пратеникот Слободан Косев. Го молам претставникот да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам.

Амандманот е составен дел на законот.

Продолжуваме со претреспо текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидјеќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници од кои 52 за, 9 .воздржано, и 3 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за финансиска полиција.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Минуваме на 25 точка - Предлог за донесување на закон за правата на прогонуваните и затвораните лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон.

Претресот по Предлогот за донесување на закон е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за правата на прогонуваните и затвораните лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и на членовите на нивните семејства.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, од кои 51 за, 10 воздржани и 4 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, од кои 50 за, 5 воздржани и 3 против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. Пратеникот Александар Талевски поднесе амандман на член 9 за додавање нов став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Мерсел Биљали и Сејфедин Харуни поднесоа амандмани за менување на насловот на Предлогот на законот на член 1, член 2 и на член 4 став 1, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Абдулади Алиу, Ризван Сулејмани и Азис Положани поднесоа амандмани на насловот на законот на член 1, член 2 и на член 4 став 1 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 9 за додавање нов став 2, поднесен од пратеникот Александар Талевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г. Александар Талевски.

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретресдателе, почитувани колеги пратеници, Имајќи ги предвид двата Предлог закона што се многу слични и Предлог законот кој што го потпишавме ние пратениците од ВМРО и Предлог законот од Владата, каде што се разликуваме во одредени ставки во врска со еднократната парична помош. Со оглед на тоа што Владата на Република Македонија го задолжи Министерството за финансии да направи целокупна анализа на расположивите средства и да достави закон кој ќе може мошне брзо да се спроведе во сила и покрај сите мои настојувања во тој закон да влезе овој амандман, кој што мое длабоко убедување ќе се подобреше законот, со оглед на тоа дека за тоа нема средства во Буџетот на Република Македонија, јас го повлекувам амандманот.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор. (Никој).

Отворам претрес по амандманот за менување на насловот на законот поднесен од пратениците Мерсел Биљали и Сејфедин Харуни.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор. Има збор г. Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Дами и господа пратеници,

Не сум сигурен дали ќе можам да ве убедам да го поддржите амандманот, бидејќи априори некој си има изградено свој став партиски, но должен сум поради личната свест и совест да се искажам за некои работи за кој сметам дека се од начелен карактер, односно принципиелен карактер и од такви причини ќе кажам неколку реченици во прилог на тоа. Имено, многу ми е жал, посебно вчера што оваа работа до крај се

исполитизира, во димензии за кои не заслужува да се исполитизира, уште полошо што на ова многу трагично прашање, на една трагедија на група луѓе им се придава такво политичко значење и таква етничка боја, но факт дека тоа е наша реалност. Воопшто немам намера при мојата дискусија во однос на амандманот да настојувам некого да повредам, било да се работи за чест или достоинство, право или емоции, затоа што се работи за трагедија на еден човек или повеќе луѓе, туку едноставно да се искажам за тоа што е морал и што е правна норма, на тоа што е уставен поредок и рамноправност на граѓаните.

Мислам дека не е во ред да се носи некој закон кој има само една етничка димензија исклучувајќи ги другите етникуми односно нивните идеи да бидат заштитени, или наградувани, или пак да сносат некоја сатисфакција како резултат од репресирање во одреден период. Значи луѓето имаат секакви идеи и тие идеи можат да ни се допаѓаат, а можат и воопшто да не ни се допаѓаат. Меѓутоа, тие по силата на природно право, на човечкото право, тие се идеи кои се рамноправни и пред Господа и пред моралот. Прашање е системот, односно политичкиот систем кој арбитрарно си зема за право да рангира што е добра идеа, а што е лоша идеа. Која идеа треба да се поддржи, која не треба да се поддржи, или пак некоја идеа дури да се казни. Но, тоа е системот на власта, која некоја идеа ќе ја прегласи за света работа, како национална гордост, за некоја идеа до крај индиферентна, или друга идеа *ќе* смета дека е анти државна или анти народен елемент. Тоа е систем на вредноста од страна на власта. Идеите како идеи произлегуваат од одделни интереси, било лични или колективни, или пак, од одделни идеали. Тие идеали исто така можат да бидат за некого лоши, а во исто време за некого добри. Или пак за некој прогресивни, а за другиот рационални. Но сепак, тоа е вредност. Од секоја идеа произлегува човечкото право, од природното право, да е рамноправна со секоја идеа без оглед на системот на вредности кои може власта да ги направи.

Тука се поставува прашањето. ако е добра идеа, или ако ја наградуваме идеата за самобитноста и државноста на македонскиот народ се поставува прашањето по аналогија, како можеме да постапиме со идеата за самобитноста и државноста на другите народи и другите заедници, било тоа да се албанци, турци, роми, срби или не знам кои. Кој однос е наш спрема такви идеи. Кога ќе имаме негативен став кон овие идеи, фактички, ние вршиме во суштина, тотална дискриминација на луѓето. И не само врз основа на колективните права, туку врз основа на индивидуалните права и како поединец ние неговата идеа ќе ја сатанизираме, или ќе ја казниме, а од друга страна на некои граѓани кои припаѓаат на одреден етникум, ќе ја наградиме. Тука ние дијаметрално се косиме со модерниот принцип на рамноправност на граѓанинот, па дури и со нашиот Устав. Затоа апелирам јас да се поддржи овој амандман а јас лично ќе гласам за овој закон, иако немам уверување дека таквиот амандман ќе помине, иако сум сигурен дека тој амандман ќе придонесе да направиме цивилизиран закон што прилега на ваква институција, односно Собрание на Република Македонија.

На крајот апелирам да се гласа за амандманот.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г. Мерсел Биљали.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 74 пратеници, од кои 20 за, 8 воздржани и 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отоворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратениците Мерсел Биљали и Сејфедин Харуни. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 74 пратеници, од кои 14 за, 10 воздржани и 50 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отоворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од пратениците Мерсел Биљали и Сејфедин Харуни. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 75 пратеници, од кои 15 за, 11 воздржани и 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 поднесен од пратениците Мерсел Биљали и Сејфедин Харуни.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 72 пратеници, од кои 12 за, 1 воздржан и 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на насловот на законот, поднесен од пратениците Абдула Алиу, Ризван Сулејмани и Азис Положани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? Има збор г. Абдула Алиу.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, Ако не можеше да се менува текстот на насловот на законот, верувам дека ќе прифатите да се дополни текстот на насловот на овој закон. Сакам да кажам дека не е толку тешко да се прифати да се додадат уште два збора на предложениот текст. Тоа се однесува на истиот наслов, само треба да се додадат зборовите: "и за идеите за демократска држава и рамноправноста на граѓаните на Република Македонија". Не знам, што мисли ова Собрание ако не прифати такво нешто, бидејќи тоа е толку практично да се прифати. Цело време зборуваме за демократска држава, цело време зборуваме за рамноправноста на граѓаните. Јас не се чудам и ако вие не прифаќате денеска, бидејќи нашите министри кои се во Владта дале согласност на еден ваков текст и доколку постои вина, вината е нивна. Јас само сакам да ве замолам како пратеници на ова собрание, да имате поголемо искуство за иднината на нашата земја, бидејќи сите граѓани треба да бидат рамноправни. Ние очекуваме од вас дека ќе прифатите за идеите за демократска држава, бидејќи едно време беше, за време на социјализмот, кој ќе речеше дека социјализмот не е демократска земја, односно првиот социјализам не е прифатлив за нас, а тие што размислуваат така сите беа уапсени и осудувани. Меѓу вас можеби нема такви, а сите знаете дека имало такви. И мислам дека ако не прифатиме и таа категорија да биде рамноправна како и сите други граѓани, тогаш не знам зошто сме во ова Собрание. Само ќе додадам уште нешто. На пример имате осудувани луѓе само за зборовите социјализам, братство, самоуправување, братство и единство. Само за тоа, што се ставени под знакот на наводниците. Значи, имате пресуда од Врховниот суд на Република Македонија да бидат осудувани некои луѓе само поради овие зборови. Сега сите сте вие против самоуправувањето, против социјализмот, против братството и единството што го имавме во тоа време и ќе кажам ако тие беа попаметни од нас во тоа време, тоа значи дека ние не треба да прифатиме некоја наша грешка. Во предложениот амандман пишува: да се обезбеди остварување на темелните вредностк на Уставот на РМ како и на одредбите на амандман IV на Уставот кои се однесуваат на воспоставување и зацврстување на владеењето на правото, гарантирањето на човековите права и граѓански слободи и обезбедување на мир и соживот. На овој начин ќе се прошири кругот на лицата на кои ќе се однесуваат одредбите на овој закон и ќе се утврдуваат основи за остварување на загарантираните права со Уставот на РМ на прогонуваните и

затвораните лица за идеи на самобитноста на македонскиот народ, на неговата државност и за идеите за демократска држава и рамноправност на граѓаните на РМ и нивните семејства како една сатисфакција за нивните идеи.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За збор се јави г-динот Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека време е во овие ситни денови на овој мандат од Парламентот да докажеме дека во РМ конечно се воспоставува демократија со тоа што ќе се прави јасен пресек помеѓу минатото на тој тоталитарен систем кој донесе многу страдања и многу мака на мнозина дисиденти, луѓе кои имаа храброст да кажат, не, за се она што се случуваше во тоа време. За жал сеуште РМ е при крајот на третиот мандат на Парламентарните избори по убедување сеуште не успеавме да ги смениме тие убедувања. Тенденцијата и убедувањето на плурализмот како диктат на мнозинството над малцинството, како наследство од минатото по се изгледа никако да го надминеме. Денеска имаме многу добра шанса конечно правдата да биде правда за сите и сите тие кои што беа од другата страна на тоа време од Законот да бидат подеднакво третирани. Тоа значи дека тие кои што беа малтретирани, тие кои што беа уапсени, тие кои што беа интернирани, децата кои што останаа без родители, децата кои што мораа да живеат без тие родители беа албанци, беа македонци, а ќе имам храброса да кажам,воглавно албанци. За жал денеска правиме напори да го положиме овој испит по ова што се случува и дискусиите што се во овој Републички парламент, изгледа сеуште немаат спремност да се прифати реалноста. Но, таа реалност, одлагањето на прифаќањето на реалноста апсолутно не значи дека е решен проблемот. Напротив во оваа посебна историја се покажа дека одлагашето на проблемите значи само мултиплицирање на проблемите. Конечно во РМ се доби впечаток дека почнува еден нов почеток, почеток на еднаквост на граѓаните и коликтивитети кои што живеат во РМ. Ако за тоа се сложивме и донесовме таков Устав кој што во многу нешта колективитетите, а посебно најголемите колективитети македонците и албанците ги стави во еднаква и рамноправна положба. Зарем мора се да се каже во некој договор, били и во Рамковниот договор за да денеска ние расправаме под еднакви услови. Ако ова не беше опфатено, или сличните нешта со кои ќе се соочуваме во иднина, дали тоа значи дека во РМ секогаш треба некоја надворешна сила да ги натера луѓето да ја сватат реалноста. Мислам дека е крајно време ние денеска да го положиме тој испит, да сватиме дека за овие работи без оглед на националната припадност треба да бидеме еднакви. Да ги осудуваме сите тие кои што извршија такви нечовечки и нехумани дела, да ги рехабилитираме сите тие кои што беа жртви на тој режим, било тоа да се македонци, било да се албанци. Затоа јас очекувам дека овој последен испит ќе го положиме. Во спротивно ќе се повлечам од Собранието, од оваа седница и очекувам нови моменти , нови времиња. Јас сум убеден ќе дојдат па дефинитивно и за овие работи потемелно ќе разговараме.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За збор се јави г-динот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Ние направивме се што е во интерес на мултиетничка заедница РМ. Но очигледно се гледа дека и тука се прави опструкција: прогонети, малтретирани, казнувани во РМ од поранешниот систем не биле само македонците. Во споредба со малтретирани, прогонувани, бројот на албанците во поранешниот систем е значително поголем од бројот на македонците. За жал, само да потсетам дека издиференцирани наставници од сите нивоа од основно па до средните училишта имаме 746 наставници издиференцирани. Да не зборувам за прогонети, да не зборувам за оние што се малтретирани и затворани, и оние кои што подлегнаа на физичка ликвидација. Несакам тука да дадам бројки, меѓутоа тој број е значително поголем. Како ќе може да се образува законот и намерата на овој закон до колку тој не ги прифаќа сите граѓани што се подеднакво малтретирани, прогонувани во РМ од системот кој го напуштивме и како *ќе* можеме да бидеме рамнодушни и да гласаме за закон кој што своите граѓани не ги почитува и не ги става во подеднакво рамниште како што сака да ги кажува и другите. Нашата интервенција по амандманите што беа поднесени од мене и од г-динот Мерсел Биљали и од група пратеници од Абдула Алиу и Ризван Сулејмани токму тоа го изразуваше духот на мултиетничноста и мултиконфесионалноста на РМ. Во тој период не биле само македонците жртви на тој терор. Напротив и албанците и власите и турците и муслиманите биле жртви. Законот до колку сакаат да ја задоволи правдата, тој треба подеднакво да ги задоволува и интересите

на своите граѓани. Јас повторно ги молам пратениците во тој поглед да бидат малку поодмерени.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеници од кои 15 за, 5 воздржани, 50 против

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на насловот на законот поднесен од пратениците Абдула Алиу, Ризван Сулејмани и Азис Сулејмани.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратениците Абдула Алиу, Ризван Сулејмани и Азис Положани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по аманд-манот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, од кои за 14, 4 воздржани, 51 против.

Констатирам дека Собраието не го усвои амандманот на член 1 поднесен од пратениците Абдула Алиу, Ризван Сулејмани и Азис Положани.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од пратениците Абдула Алиу, Азис Положани и Ризван Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, од кои 13 за, 6 воздржани и 4 8 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 поднесен од пратениците Абдула Алиу, Азис Положани и Ризван Сулејмани.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 поднесен од пратениците Абдула Алиу, Азис Положани и Ризван Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (никоЈ)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по аман-дманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, од кои 13 за, 7 воздржани и 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 став 1 поднесен од пратениците Абдула Алиу, Азис Положани и Ризван Сулејмани.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Процедурално г-динот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Во име на пратениците албанци кои што се наоѓаме во Собранието, бараме половина час пауза за да се договориме како ќе гласаме.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Пауза од 3 0 минути.

(по паузата седницата продолжи во 18,40 часот)

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Ги молам службите да утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Процедурално г-динот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Јас се извинувам, можеби за некои ќе станам и досаден, често излегувам на говорницава. Но, мора да излезам и да ја упатам следната порака. Прво до потпретседателот кој седи зад мене, во име на пратеничката група дека најверојатно седницата денеска ќе ја прекинете и сакаме да ви кажеме дека пред да ја закажете новата седница за избор на судии во ДИК, до колку не се закаже оваа седница ВМРО-ДПМНЕ, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ нема намера да влезе. Со тоа ќе пропаднат сите планови за изборите на 15

септември и сето она што е договарано на највисоко ниво со постретство со Европскиот мониторинг ќе бараат одговорност од вас како главни чинители, како носители на јавни функции во РМ. Тука мислам и на вас г-дине потпретседателе, затоа што цело време ја играте улогата на кочничар во ова Собрание, да не кажам некој потежок збор. Се договоривте со г-динот Таири да се јави во име на сите албанци. Таква политичка партија не постои. Постои политичка партија од ДП, ДПА, на Партија на албанците како таква регистрирана не постои . Но, некој да се повикува во името на сите албанци, да бара половина час пауза а после тоа никаде да ги нема е доволен сигнал дека се нема добра волја од нивна страна за донесување на еден ваков закон. Исто така, морам да апострофирам дека најглатите луѓе овде кои плукаат по ВМРО-ДПМНЕ божем прави политички маркетинг во врска со овој закон ВМРО, т.н. Македонска исто така денеска ги нема, а со жалење можам да констатирам дека и дел од пратеничката група на СДСМ за кој искрено верував дека ќе даде поддршка на овој закон, денеска исто така ги нема. Според тоа, со полн респект кон вас г-да од СДСМ, според тоа г-дине потпретседателе можам со чист образ и со чисто срце да изразам јавна забелешка дека на фотелјата на која седите денеска направивте максимална злоупотреба со тоа што ја изигравте улогата во која непосредно пред барањето на паузата се договоривте вие албанските чинители, поточно чинителите од ПДП, а ДПА беа приморани претпоставувам под притисок на нивните радикални барања исто така да ја напуштат салата на овој Македонски парламент.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Мислам дека нема потреба за процедура веќе да зборуваме.

Г-дине Пранговски одете на место, јас ќе ви дадам збор ако треба.

Г-динот Пранговски бара процедурално.

Очигледно дека г-динот Александар Флоровски напаѓа по функцијата потпретседател, прво, и на тоа ќе му одговорам.

Јас постапив по Деловникот и дадов пауза во име на пратеничка група. Тоа е првата работа. Секој пратеник го има тоа право да побара пауза.

Втората работа, како што гледате пратениците албанци не се во салата. Можеби и јас немаше да бидам, меѓутоа јас сум во улога на потпретседател така што сум пред вас овде. Констатиравме дека немаме доволен кворум за работа, бидејќи треба да пристапиме кон гласање на законите. Седницата ќе продолжи утрре по истата проблематика со почеток во 12,00 часот.

(Седницата прекина во 18,45 часот.)